**20120060171**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**171.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за спречување на судир на интереси, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јануари 2012 година.

Бр. 07- 158/1
11 јануари 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Член 1

Во Законот за спречување на судир на интереси (“Службен весник на Република Македонија“ број 70/2007 и 114/2009), во членот 20-г по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

“Владата на Република Македонија на предлог на министерот за правда го уредува начинот на проверка на содржината на изјавите за интереси од членот 20-а од овој закон.“

Член 2

Во членот 21 по алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

“- ги проверува изјавите за интереси,“.

Член 3

Подзаконскиот акт од членот 1 од овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.